РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1046/3
03-09-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на51-та седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот --------------------------- од ---------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1046/1 од 05.03.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, подносителот ја повлекол поднесената пријава.

Предметот со број 12-1046/1 од 05.03.2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1046/1 од 05.03.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ---------------------- од ------------.

Пријавата е поднесена по известување за извршен избор по оглас бр.04-70/2 објавен во на ден 05.02.2021 година од СОУ ------------------------------за работни задачи во училиштето на определено време. Согласно наводите од пријавата, огласот е објавен со времетраење од 3 (три) дена, што е спротивно на член 23 од Законот за работните односи, каде што е наведено дека рокот за пријавување не смее да биде пократок од пет работни дена. Исто така, подносителот наведува дека за работно место бр.9 од огласот е избран кандидат кој не ги поседува целосно бараните документи по огласот, односно нема уверение за положен стручен испит, со што е прекршен член 14 од Колективниот договор за средно образование и член 59 точка 2 од Законот за средно образование. Поради наведеното, подносителот смета дека се сторени неправилности од страна на директорот во постапката за вработување на 1 лице наставник за козметички стручни предмети бидејќи не ги зел предвид сите документи кои се доставени од страна на кандидатите, односно избрал кандидат без стручен испит иако на огласот подносителот на оваа пријава се има јавено со стручен испит, со што го прекршил член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

На 24.03.2021 година, од страна на подносителот, до ДКСК е доставено барање за повлекување на претходно поднесената пријава. Оттаму, Државната комисија за спречување

на корупцијата оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**